**Известување за концентрација помеѓу Јуропиен Медиа Сервисес Сингл Мембер С.А. Грција и Грик Јелоу Пејџес Принтед енд Електроник Информејшн, Грција (предмет бр. 08-145/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 05.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување заедничка контрола од страна на друштвата Јунајтед Медиа С.а.р.л. со регистрирано седиште на адреса Руе Жан Моне 6, Л-2180 Луксембург („Јунајтед Медиа"), и Хостафрано Лимитед, со канцеларии на адреса Арх. Макариоу III, 58, ИРИС ТАУЕР, 8-ми кат, 1075 Никозија, Кипар („Хостафрано"), преку друштво под нивна заедничка контрола Јуропиен Медиа Сервисес Сингл Мембер С.А. со регистрирано седиште на адреса Кифисиа, Атика, 36 Вилтаниоти Стрит, Грција („ЕМСА"), над друштвото Грик Јелоу Пејџес Принтед енд Електроник Информејшн С.А. со регистрирано седиште на адреса 26-28 Георгиу Авероф Стрит, 142 32 Неа Јонија, Атика, Грција („Грик Јелоу Пејџес").

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**ЕМСА** е друштво под заедничка контрола на друштвата Јунајтед Медиа и Хостафрано. Друштвото ЕМСА е холдинг друштво и нема остварено самостојно приход претходната година.

**Јунајтед Медиа** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дејности на сателитска телекомуникација,
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и
- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се бави со дејности на сателитска телекомуникација.

**Хостафрано** е друштво со ограничена одговорност кое е основано и работи во согласност со законите на Кипар. Активностите на Хостафрано се ограничени на поседувањето удели во други друштва.

**Грик Јелоу Пејџес** се бави со објавување локални телефонски именици („бели страни“), онлајн верзии на телефонски именици и веб-страници („жолти страни“) со информации за правни лица и претприемачи наменети за потрошувачите, како и со продажба на рекламен простор на интернет. Грик Јелоу Пејџес претставува платформа за промоција и рекламирање на трговски друштва и претприемачи и сигурен извор на информации за телефони и интернет адреси за учесниците присутни на грчкиот пазар.

Грик Јелоу Пејџес е исклучиво присутно на пазарот во Грција, нема зависни друштва во Северна Македонија и не остварува приход на пазарот во Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето како релевантни пазари за оценка на предметната концентрација би можеле да се дефинираат;пазар на локални телефонски именици („бели страни“),пазар на онлајн телефонски именици и именици на веб-страници („жолти страни“) со информации за правни лица и претприемачи наменети за потрошувачите, и пазар за продажба на рекламен простор на интернет на *територијата на Република Северна Македонија*.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.10.2023 година
Скопје